Врз основа на член 36 став 1 точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244//09, 53/2021, 77/2021 и 150/2021), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.10.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

## за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за третиот квартал од 2022 година

### Член 1

Со Одлуката се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за третиот квартал од 2022 година предложен од Градоначалникот на општина Кратово, а детално опишан во Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за периодот од 01.01.2022 до 30.09.2022 година, кој е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

### Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09 - 1561/1
31.10.2022 година
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Весна Петрова